Одделот за граѓански дела на Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 91 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/2006...96/2019), член 68 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ бр.66/2013), и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.13/1998 и 21/2009), на седницата одржана на 25.02.2020 година, го усвои следното:

## П Р А В Н О   М И С Л Е Њ Е

**Барањето да се утврди непостоење на долг поради застареност на побарувањето, претставува барање за утврдување на факти и не може да се истакне со тужба за утврдување согласно одредбите од Законот за парничната постапка, ниту со таква тужба да се бара тужениот да биде задолжен нешто да стори, трпи или пропушти.**

## О б р а з л о ж е н и е

Правното прашање како треба да одлучи судот во граѓански спор во кој тужбеното барање содржи деклараторен и кондемнаторен дел, произлегува од- спротивставените ставови на судовите при одлучувањето, поради што е потребно воедначување на судската пракса и обезбедување на единство во примена на законите.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по наведеното правно прашање ги примени одредбите од член 177 став 1 од Законот за парничната постапка.

Согласно член 177 став 1 од ЗПП, тужителот може во тужбата да бара судот само да го утврди постоењето, односно непостоењето на некое право или правен однос или вистинитост, односно невистинитост на некоја исправа.

Правен однос е оној однос помеѓу две лица кој е регулиран со определен пропис, на пример некој договор од облигационото право, или пак однос на лица во врска со некој предмет, на пример право на сопственост. Законската можност со деклараторна тужба да се бара утврдување на постоење или непостоење на правен однос, не се однесува и на утврдување на постоење елементи на еден правен однос. Барањето да се утврди непостоење на долг поради застареност, од аспект на губење на судска заштита за присилно исполнување на обврска, поради протек на законски предвидено време, е всушност барање за утврдување на факт, кој не може да биде предмет на деклараторна тужба. Воедно, со тужбата за утврдување не може да се бара тужениот да биде задолжен нешто да стори, трпи или пропушти, или пак еден правен однос да се преобрази, да се конституира во некој друг правен однос.

Во смисла на наведеното, Врховниот суд на Република Северна Македонија смета дека не може основано да се истакне тужбено барање да се утврди непостоење на долг поради застареност, ниту од таква причина да се наложи на спротивната страна да преземе дејствие за воспоставување на поранешната состојба пред постоење на долгот, поради што следуваше да го донесе наведеното правно мислење.

Врховен суд на
Република Северна Македонија
Оддел за граѓански дела